РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 101-11/4-2422/2022
24-01-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК

**Од јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот: „Инсталирање на постројка за производство на електрична енергија во Еуроникел Индустри" во општина Кавадарци, за потребите на инвеститорот "ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ" ДОО од Кавадарци**

На ден 18.01.2023 година, во големата сала во Општина Кавадарци со адреса на Плоштад Маршал Тито бб, се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: "Инсталирање на постројка за производство на електрична енергија во Еуроникел Индустри" во општина Кавадарци, за потребите на инвеститорот "ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ" ДОО од Кавадарци. Јавната расправа ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање истата започна во 11:00часот

Присутни:

- Билјана Петкоска – Раководител на Сектор за животна средина, МЖСПП;
- Влатко Цветаноски – Советник за ОВЖС, МЖСПП
- Беса Татеши – Раководител на одделение на ИППС, МЖСПП;
- Герасим Којтунџиев – Представник од страна инвеститорот "ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ" ДОО од Кавадарци;
- Љупчо Аврамоски – Експерт за ОВЖС ;
- Станко Илич Попов – изготвувачи на Студијата за ОВЖС
- Претставници од страна на инвеститорот
- Заинтересирани/засегнати граѓани (листа на присутни во прилог)

Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

1. Отварање и вовед

Јавната расправа ја отвори и ја водеше Влатко Цветаноски – Советник за ОВЖС од Сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По краткиот осврт на целата за организирање на јавната расправа му беше даден збор на Љупчо Аврамоски да изврши презентација на Студијата за ОВЖС.

## 2. Презентација на Студијата

Љупчо Аврамоски ја презентираше Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: "Инсталирање на постројка за производство на електрична енергија во Еуроникел Индустри" во општина Кавадарци. Во презентацијата на Студијата за ОВЖС беа ги образложени и елаборирани основните параметри на проектот. Беа презенитирани главните карактеристики на проектот дека станува збор за постојка за производство на електрична енергија со вкупна инсталирана моќност од 42MW, од кои 35 MW се работни, а 7 MW се како резерва. Истите може да работаат на течно гориво или на гас. Секој од моторите е опремен со соодветен катализатор за зафаќање и прочистување на издувните гасови и ги задоволуваат пропишаните стандарди за емисии на гасови, булава и вибрации. Понатака беа презентирани можните влијанија врз животната средина во и околу проектот, како и мерките за намалување на негативните влијанија врз животната средина.

Станко Илич Попов- изврши презентација на техолошкиот опис на самата постојка со наведување на деклалациите на производителот.

По завршувањето на презентацијата на Студијата за ОВЖС, Билјана Петкоска пред да ја отвори дискусијата информираше Студијата за ОВЖС е достапна на интернет страната на МЖСПП и во засегнатите општини , а коментарите од заинтересираната јавност ќе бидат земени предвид во текот на постапката.

## 4. Дискусија

Билјана Петкоска истакна дека јавната расправа се снима и по истата се води записник. Студијата за ОВЖС е достапна на интернет страната на МЖСПП и истат

Прашање: граѓанин Гледаме дека станува збор за технологија кој доаѓа од државни со високо стандарди. Имаме информации дека се планира во 2024 година да се префли на течен гас , па се надева на истото.

Одговор: Билјана Петкоска – оваа јавна расправа е за производство на електрична енергија со истото инвеститорот ќе може да работи на течни горива или на гас , а истото ќе биде прошишано во дозволата за работа.

Прашање: Панче Минов – пратеник. Укажува на значењето на оваа јавна расправа. Ставот е дека Еуроникел треба да работи . Главната заложба на сите присутни од оваа јавна расправа е ова течно гориво (мазут, нафта) да биде условено во дозволата со приклучување на гасоводот да се приклучи истиот да работи на гас.

Одговор: Билјана Петкоска истакна дека МЖСПП работи по барање на операторот, се надеваме дека инвеститоротот Еуроникел како општествено одговорна компанија ќе го има во предвид Вашето барање и ќе постапи по истотот.

Одговор: Герасим Којтунџиев - Се заблагодраи на МЖСПП за организацијата на една ваква јавна расправа и на сите присутни кои дојдоа да ја видат презентацијата. Во делот на гасификацијата беше објаснатао дека оваа опрема може да работи и на гас. Примарната линија е веќе поставена, ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ е во преговори со компанијата која работи за дистрибуција на гас. Целта на компанијата е да добие целосно еколошки производ.

Прашање: НВО Еко Живот – Не се задоволни што има уште една организацијата , но од друга страна сака вработените да продолжат со работа. Прашањето е дали МЖСПП ќе даде дозвола за двете горива за работа или ќе биде само на течно гориво.

Одговор: Билјана Петкоска ги објасна постапките во МЖСПП. Со оваа постапка инвеститорот обезбедува одобрение за градење, а понатака поднесување барање за издавање на Дозвола за работа. Со оваа студија ќе има право да поднесе одобрени за работа и на течено гориво и на гас . Со што ќе поднесе барање за работа зависи од инвеститорот.

Прашање: НВО Еко Живот – Заради транспарентност во иднина ќе замоли за информирање на населението тоа се упатува до инвеститорот .

Одговор: Станко И. Попов– Во самото проектирање е земено во предвид да се приклучи фабриката на гас , во моментот кога истиот ќе биде достапен.

Одговор: Влатко Цветаноски – Станува збор за проект за инсталирање на постојка за електрична енергија . Производителите гарантираат со додавање на тие платинести катализатори

Одговор: Герасим Којтунџиев - Тие катализатори се 30% од вкупната инвестиција.
Сите забелешки да бидат доставени и до infoeko@moepp.gov.mk во рок од 5 дена заради законските рокови

Бидејќи никој друг не побара збор, Влатко Цветаноски , ја затвори јавната расправа во 13.30часот.

Записничари:
Билјана Петкоска
Влатко Цветаноски